IPA Civil Society Facility and Media Programme 2018-2019 2020/420-896

# Стратегија за развој на женско претприемништво во Општина Охрид

## National Platform for Women Entrepreneurship

## Национална платформа за женско претприемништво

EuropeAid/167061/DD/ACT/MK

This project is implemented by:

# СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО ВО ОПШТИНА ОХРИД 2024 - 2029

**Кратенки**

| | |
|---|---|
| ГЕМ | Global Entrepreneurship Monitor / Глобал монитор за претприемништво |
| ЕУ | Европска унија |
| МСП | Мали и средни претпријатија |
| ООН | Организација на Обединети нации |
| РСМ | Република Северна Македонија |
| САД | Соединети Американски Држави |
| Стратегија | Стратегија за развој на женското претприемништво на Општина Охрид (2024-2029) |
| ЦОР 5 | Цел за одржлив развој 5 |
| GGG | Индекс на глобален родов јаз |
| GII | Индекс за родова нееднаквост |
| SIGI | Социјални институции и родов индекс |

# Содржина:


1. Вовед
    1.1. Причини за изработка на документот за јавна политика „Стратегија за развој на женскотото претприемништво во Општина Охрид 2024 – 2029"
    1.2. Методологија на изработка стратегијата
2. Профил на Општина Охрид и проценка на економската активност на жените претприемачи
    2.1. Општи податоци за општината
    2.2. Демографски развој
        2.2.1. Број на население во Општина Охрид
        2.2.2. Структура на население според пол
        2.2.3. Структура на население според националност
        2.2.4. Структура на население според местото на живеење урбана/рурална средина
    2.3 Економски карактеристики - Активни деловни субјекти во Општина Охрид
        2.3.1 Структура на активни деловни субјекти според големина и структура на активни деловни субјекти управувани од жени според големина
        2.3.2 Структура на активни деловни субјекти според видот управувани од жени
        2.3.3 Структура на активни деловни субјекти според сектор
        2.3.4 Структура на активни деловни субјекти управувани од жени според потекло на капитал
        2.3.5 Дваесет позначајни активни деловни субјекти управувани од жени кои оствариле највисоки приходи во Општина Охрид 2023 година
3 Деловно Опкружување
    3.3 Достапност на поволни извори за финансирање на деловните субјекти
        3.3.1 Комерцијални банки
        3.3.2 Развојна банка на Македонија АД Скопје
            3.3.2.1 КРЕДИТИРАЊЕ:
            3.3.2.2 КРЕДИТНО ОСИГУРУВАЊЕ:
            3.3.2.3 ФОНД ЗА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА
        3.3.3 Европски банки
    3.4 Достапност на локални и национални програми за поддршка на деловните субјекти на територијата на Република Македонија по региони и во Општина Охрид
4 Пазар на работна сила
    4.1 Вработување
        4.1.1 Структура на работоспособно население во Општина Охрид
        4.1.2 Структура на невработени лица според пол
        4.1.3 Старосна структура на невработени жени
        4.1.4 Национална структура на невработени жени
        4.1.5 Образовна структура на невработени жени
        4.1.6 Структура на навработени жени според време на чекање
        4.1.7 Можности за пристап до национални и локални програми за самовработување
5 Анализа на социјален развој
    5.1 Установи за поддршка на жените претриемачи кои имаат основано семејства со потомство
        5.1.1 Предучилишни установи кои работаа со продолжено работно време
        5.1.2 Основни училишта со продолжен претстој на учениците
6 Анализа на инфраструктура
    6.1 Патна инфраструктура
    6.2 Аеродром
7 Образование - образовни институции
8 Земјоделство и сточарство

9 Туризам - туристилки капацитети од друг вид - Самостојни издавачи на соби
I. SWOT АНАЛИЗА
II. СОСТОЈБА И КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО
a. Појдовни точки во дефинирање на целите
i. Клучни проблеми
ii. Пречки кои го отежнуваат решавањето на проблемите во јакнењето на женското претприемништво Генералната политика на државата
iii. Културно – социјални препреки
iv. Пристап до финансии
v. Пристап до информации
vi. Структурални (контекстуални) пречки
vii. Економски пречки
„Меки“пречки
III. КЛУЧНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ
IV. ВИЗИЈА
V. МИСИЈА
VI. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: Зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти кои се основани и водени од жени претприемачи
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: Подобрување на пристапноста и атрактивноста на претприемништвото и активностите во стопанството за жени
СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: Дополнителна поддршка на специјални области на женското претприемништво
VII. ПРИЛОГ БР.1 АКЦИОНЕН ПЛАН
VIII. РИЗИЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА
IX. МЕХАНИЗМИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА
X. СЛЕДЕЊЕ И ОТЦЕНУВАЊЕ

## 1. Вовед

Избалансираниот пристап на секој поединец кон можностите, без оглед на пол, возраст, етничка припадност и религија е важна претпоставка во демократски успешните уредувања. Иако во сите глобални политички документи се зборува за еднакви права на мажите и жените во однос на пристапот до можностите, женскиот парадокс е сеуште присутен: жените се мнозинство од населението во светот, но не се доволно застапени во пристапот до можностите (од преземање на бизнис потфат до управување, од вработување до политички ангажман).

Малцинскиот статус на жените во економијата е различен, во зависност од секторите, но и одработните задачи кои жените ги обавуваат. Жените поретко од мажите преземаат бизнис потфати, а уште помалку жени преземаат технолошки интензивни деловни потфати. Малцинскиот статус на жените е најизразен во областа на управувачките работи: колку е нивото на управување повисоко, толку помалку има жени. Податоците за Општина Охрид за вклученоста на жените во преземањето на бизнис потфати, за вработеноста/невработеноста и ангажираноста на жените во управувањето тоа го потврдуваат. Причините за ваквата родова нерамнотежа во остварувањето на основните права значително е одредена не само со културолошкото наследство, но и со начинот на организација на семејниот живот кој пак е условен со достапната понуда на одредени услуги во сферата на грижа за деца и грижа за стари лица. Поради тоа, зајакнувањето на женското претприемништво не може да се оствари без конзистентни и взаемно поврзани политики, програми и иницијативи за промена на рамките на општествениот систем на вредности, како и на институционалната инфраструктура која ја поддржува родовата избалансираност во секојдневните обврски во рамките на семејството, особено во поглед на децата и постарите лица. Локалната самоуправа на Општина Охрид која сака да обезбеди подобар квалитет на живот за своите граѓани и да ја направи општината попривлечна за инвеститорите, со различни локални стратегии и политики треба да ја гради инфраструктурата која треба да придонесе кон тоа.

Стратегијата за женско претприемништво на Општина Охрид до 2029 година треба да се гледа во тој контекст. Покрај тоа, овој стратешки документ ќе и помогне на локалните власти да го следат она што се случува во оваа област во Европската унија и со одредени активности да се изградат претпоставки за користење на релевантни ЕУ фондови.

Стратегијата за развој на женското претприемиштво во Општина Охрид има за цел економското јакнење на жените преку создавање на поволна бизнис клима и обезбедување поддршка за развој на нивниот претприемнички потенцијал со што ќе се придонесе кон развојот на постоечките и отворање на нови претпријатија, креирање на нови работни места, а со тоа и јакнење на целокупната економија во општината.

### 1.1. Причини за изработка на документот за јавна политика „Стратегија за развој на женскотото претприемништво во Општина Охрид 2024 – 2029"

Документот за развој на јавна политика - Стратегија за развој на женското претприемништво на Република Македонија 2018 – 2023 година е прв документ во

историјата на Република Македонија кој дава насоки за развој на женското претприемништво во нашата држава.

По примерот на Министерството за економија на Република Македонија и во соработка со проектот финасиран од Европската унија “Национална платформа за женско претприемништво “ Локалната самоупрва на Општина Охрид преку секторот за туризам и локален економски развој иницира и поддржа креирање на документ за развој на локални политики од областа на женско претприемништво.

Локалните власти се залагаат за поттикнување на женското претприеништво по примерот на Министерството за економија, како и останатите европски држави и овој стратешки документ ќе биде ставен во функција за постепено зголемување на бројот на локални иницијативи за поддршка на женското претприемништво финасирани од буџетот на Општина Охрид како и изнаоѓање на можности за соработка и поддршка од национални , европски и други светски програми и фондови.

### 1.2. Методологија на изработка стратегијата

Методологија за изработка на Стратегија за развој на женско претприемништво во Општина Охрид, 2024 – 2029 година се темели на:

- Оценка на состојбата на економската активност на жените во Општина Охрид;
- Очекувањата на претприемачките и релевантните учесници во општествениот живот во Општина Охрид (изразени преку неколку одржани работни состаноци и фокус групи во кои учествуаваа претставници од локалната самоуправа, советот на Општина Охрид,невладин сектор и претприемачки);
- Дефинирање на целите во согласност со целите и активностите на Национлната Стратегија за развој на женско претприемништво на Република Македонија 2019-2024 година
- Утврдување на поврзаноста со актуелните стратешки документи на Република Македонија (посебно со Стратегијата за родова еднаквост 2013 - 2020 и Стратегијата за МСП 2018 - 2023).

Стратегијата е изработена со користење на достапните секундарни извори на информации, различни истражувања и статистички информации од Државниот завод за статистика и документи во кои е прикажана состојбата на Општина Охрид и споредбата на Општина Охрид со состојбите на национално ниво.
За изработката на студијата беше искористена и партиципативна методологија, која се реализираше преку фокус групи, со цел да се добие мислење за состојбата на женското претприемништвото и очекувањата на жените. На овој начин, добиена е вредна основа за идентификување на целите и повратна информација за предложените политики во процесот на остварување на именуваните цели. Затоа се одржаа неколку фокус групи во кои со претприемачките и со претставниците на институциите и на граѓанските организации, беше дискутирано за пречките, за приоритетните интервенции (краткорочни, долгорочни) и за институциите одговорни за спроведување на истите.
За увид во добрата светска практика користени се примерите наведени во Националната стретегија за развој на женско претприеничтво 2018-2023 година од поединечни членки

на Европската унија, како и САД, од кои се гледа како одредени земји ги решаваат некои од пречките за посилно вклучување на жените во претприемачка активност, а кои се идентификувани и во Општина Охрид.
Интерпретацијата и поврзувањето на различните извори овозможи идентификација на состојбата во женското претприемништво во Македонија и на најважните проблеми и препреки за јакнење на вклученоста на жените во претприемачка активност.

## 2. Профил на Општина Охрид и проценка на економската активност на жените претприемачи

### 2.1. Општи податоци за општината

Општина Охрид е лоцирана во југозападниот дел на Република Македонија и зафаќа површина од 383,93км². Општината е една од вкупно 80-те општини во Република Македонија, а во југозападниот плански регион зафаќа дел од охридско-струшката котлина која е ограничена на југ со Охридското езеро (695мнв), на запад со планинскиот масив Јабланица (1945мнв), на исток со планините Мокра Планина (1589мнв) и Галичица (2255мнв), а на север со планинскиот масив Караорман.







Релјефот на општината е рамнински и ридско-планински. Рамничарскиот дел го сочинуваат охридското поле настанато како и самата котлина со тектонското спуштање долж раседите кои водат кон подножјето на планината Галичица на надморска височина од 695мнв до 700мнв.

Градот Охрид се наоѓа на самиот брег на Охридското Езеро, во охридско-струшката котлина, на јужниот дел од Охридското поле. Геолошката градба на поширокото подрачје во општината ја чинат доминанто алувијални творби, полувијални седименти, распространети во рамничарски дел.

Најважна хидролошка карактеристика на овој регион е постоењето на Охридското Езеро. Езерото зафаќа површина од 358км, со должина од 31км, широчина 15км, средна длабочина од 151м и максимална длабочина од 286м. Во езерото се влеваат 40 реки и

тоа 23 на албанска и 17 на македонска територија. Од реките кои се влеваат во Охридското Езеро, Коселска река е најголема и има поголемоколичество на вода и подолг речен тек. Таа извира под Плаќенска планина и по должината на својот тек носи имиња на населените места покрај кој поминува. Таа е поројна река. Пороите од сливот толку и го насипуваат коритото со наноси што постојано го издигаат, така што станало сосема плитко, па при поголем водостој се случуваат и поплави во атарите на селата каде поминува. Заштитата на коритото се врши со комплексни мерки во кои доминира пошумувањето на ерозивните површини од кои се свлекува материјалот.

Охридскиот регион се карактеризира со прилично хетерогена орографија. Поради отвореноста на подрачјето преку долината на Црн Дрим кон север, во зимските месеци продираат студени воздушни маси кои ја снижуваат температурата на воздухот, додека во текот на летниот период има продор на медитерански влијанија. Климата е континентална со медитеранско влијание со просечна температура од 11,4°C.

Охридскиот регион, во кој се наоѓаат Охридското езеро и Националниот парк “Галичица“ овозможуваат Македонија да се вброи меѓу ретките земји со богато разнообразие на живеалишта на растителен и животински свет. Територијата на општина Охрид припаѓа во границите на Светското природно и културно наследство под заштита на УНЕСКО.

Охридското подрачје изобилува со исклучително богати слоеви од културно наследство напластени од најдалечното минато, праисториски населби, споменици од античкиот и византискиот период, бројни цркви и манастири од среден век, богатство на локални традиции, обичаи, архитектура и уметнички дела.Во овој регион вкупниот број на досега заштитени недвижни добра, односно добра со заштитен статус на културно наследство изнесува 237, од кои најголем број се објекти од староградска архитектура 133. Значаен дел од недвижното културно наследство, околу 45%, се наоѓа во руралните средини и ридско-планинските подрачја, кои се целосно или делумно напуштени, што значително ја усложнува нивната заштита и користење.

## 2.2. Демографски развој

### 2.2.1. Број на население во Општина Охрид

Според податоците од последниот попис на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. вкупниот број на жители во општина Охрид изнесува 51.428 жители. Според етничката структура 79 % од вкупното население во општината се со македонска националност, македонскиот јазик и кириличното писмо официјално се користат во општината.

### 2.2.2. Структура на население според пол

Според податоците од последниот попис на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 год. од вкупниот број на жители кој изнеесува 51.428 жители, 25.231 се мажи, а 26.197 се жени.

### 2.2.3. Структура на население според националност

Според националната структура во општината има: 40.488 Македонци или 78,7 % од вкупното население, 1942 Албанци или 3.8 % од вкупното население, 1831 Турци или 3.6% од вкупното население, 232 Роми или 0,5 % од вкупното население, 314 Власи или 0,6% од вкупното население, 281 Срби или 0,5 % од вкупното население, 23 Бошњаци или

0.04 %, од вкупното население, 2008 Други неспомнати 3,9 % од вкупното население, 4309 лица кои се земени од други административни извори 8,4 % од вкупното население. Според општинските податоци бројот на население е во постојано опаѓање поради зголемена миграција на младата популација во главниот град како и во странство.

### 2.2.4. Структура на население според местото на живеење урбана/рурална средина

Проценетиот број на жители во општината изнесува 38.814 жители. Најголем дел од населението, околу 75% од вкупното население, се наоѓа во урбана средина додека останатите 25% од вкупното население се наоѓа во руралните средини.

Во согласност со Законот за територијална организација на локалната самоуправа на Република Македонија (Службен весник 55/04 и неговите измени) и Списокот на рурални средини и рурални заедници во Република Македонија (Службен весник бр.89/2011), општина Охрид е урбана единица на локална самуправа на чија територија се наоѓаат рурални средини. Општината опфаќа 18 урбани заедници и 29 рурални заедници .

Табела - Број на жители по населени места

| | Населено место | Бр. на жители | Домаќинста | Живеалишта |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Вапила (Охрид) | 72 | 34 | 120 |
| 2. | Велгошти (Охрид) | 3 141 | 1 080 | 1 062 |
| 3. | Велестово (Охрид) | 889 | 308 | 633 |
| 4. | Горно Лакочереј (Охрид) | 446 | 132 | 245 |
| 5. | Долно Коњско (Охрид) | 521 | 168 | 247 |
| 6. | Долно Лакочереј (Охрид) | 608 | 191 | 367 |
| 7. | Елшани (Охрид) | 620 | 186 | 321 |
| 8. | Завој (Охрид) | 1 | 1 | 92 |
| 9. | Коњско (Охрид) | 115 | 43 | 295 |
| 10. | Косел (Охрид) | 566 | 178 | 287 |
| 11. | Куратица (Охрид) | 219 | 80 | 164 |
| 12. | Лагадин (Охрид) | 81 | 32 | 322 |
| 13. | Лескоец (Охрид) | 2 405 | 882 | 1 081 |
| 14. | Ливоишта (Охрид) | 124 | 52 | 79 |
| 15. | Љубаништа (Охрид) | 145 | 65 | 327 |
| 16. | Опеница (Охрид) | 31 | 14 | 85 |
| 17. | Орман (Охрид) | 119 | 51 | 76 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 18. | Охрид (Охрид) | 38 818 | 14 010 | 26 153 |
| 19. | Пештани (Охрид) | 1 145 | 358 | 557 |
| 20. | Плаќе (Охрид) | - | - | 27 |
| 21. | Подмоље (Охрид) | 280 | 89 | 192 |
| 22. | Рамне (Охрид) | 617 | 233 | 465 |
| 23. | Расино (Охрид) | 3 | 2 | 12 |
| 24. | Речица (Охрид) | - | - | 39 |
| 25. | Свиништа (Охрид) | 22 | 13 | 144 |
| 26. | Сирула (Охрид) | 2 | 1 | 24 |
| 27. | Скребатно (Охрид) | 1 | 1 | 24 |
| 28. | Трпејца (Охрид) | 320 | 130 | 166 |
| 29. | Шипокно (Охрид) | 117 | 34 | 54 |
| 30. | Вкупно во населени места | 12 610 | 4 358 | 7 507 |
| 31. | Вкупно во Охрид и населени места | (38818 +12610) =51 428 | (14010+4358)= 18 368 | (26153+7507)= 33 660 |

Извор: Државен завод за статистика, Попис на населението во населени места во о.Охрид, домаќинствата и становите, 2021

## 2.3 Економски карактеристики - Активни деловни субјекти во Општина Охрид

### 2.3.1 Структура на активни деловни субјекти според големина и структура на активни деловни субјекти управувани од жени според големина

| Р.б. | Активни деловни субјекти | 2021 | 2020 | 2019 | Активни деловни субјекти управувани од жени | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Микро | 1726 | 1808 | 1974 | Микро | 785 | 763 | 802 |
| 2 | Мали | 841 | 809 | 760 | Мали | 180 | 204 | 205 |
| 3 | Средни | 29 | 26 | 31 | Средни | 4 | 4 | 5 |
| 4 | Големи | 12 | 11 | 9 | Големи | 2 | 1 | 1 |
| | **Вкупно** | **2608** | **2654** | **2774** | **Вкупно** | **971** | **972** | **1013** |

Извор: Централен регистер на Република Македонија

Анализата на погоре претставените податоците за 2019 - 2021 година ни кажува дека од вкупниот број на активни деловни субјекти во Општина Охрид 37 % се активни деловни субјекти кои се управувани од жени. Најголем број на активни деловни субјекти во приодот 2019 – 2021 година управувани од жени (од 79 % до 81 %) по големина се микропретпријатија. Овој процент за активните деловни субјекти кои се по големина микропретпријатија за приодот 2019-2021 година се движи помеѓу (71% - 68%). Можеме да констатираме додека кај сите активни деловни субјекти бројот на микро претпријатија во периодот 2019 – 2021 се намалува на сметка на зголемување на бројот на мали претпријатија. Тоа не е случај за активни деловни субјекти управувани од жени во периодот 2019 -2021 бројот на микро претпријатија незначително се зголемува на сметка на незначително намалување на бројот на мали претприајатија. На територијата на Општина Охрид можеме да забележиме дека според големина, активните деловни субјекти се или микро или мали претпријатија. Тоа се однесува и на активни деловни субјекти управувани од жени.

***Заклучок: Деловните субјекти во Општина Охрид кои се управувани од жени се повеќе од една третина од вкупниот број на деловни субјекти и тие како и останатите деловни субјекти по големине воглавно се микро или мали претпријатија.***

### 2.3.2 Структура на активни деловни субјекти според видот управувани од жени

| Р.б. | Деловни субјекти | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Занаетчии** | 100 | 97 | 100 |
| 2. | **ТП** | 31 | 31 | 34 |
| 3. | **ДООЕЛ** | 746 | 758 | 786 |
| 4. | **ДОО** | 90 | 82 | 89 |
| 5 | **Акционерско друштво** | 4 | 4 | 4 |
| | **Вкупно** | **971** | **972** | **1013** |

Извор: Централен регистер на Република Македонија

Анализата на структурата на активни деловни субјекти во периодот 2019 – 2021 година според видот покажува дека 77% - 78% на активни деловни субјекти управувани од жени имаат правна форма ДООЕЛ или 10% од нив имаат правна форма занаетчии.

### 2.3.3 Структура на активни деловни субјекти според сектор

| Активни деловни субјекти | | 1 | | | 2 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Година | 2021 | 2020 | 2019 | 2021 | 2020 | 2019 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | 803 | 815 | 869 | 356 | 357 | 400 |
| 2 | **Преработувачка индустрија** | 292 | 293 | 314 | 126 | 117 | 118 |
| 3 | **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | 291 | 313 | 301 | 126 | 128 | 124 |
| 4 | **Други услужни дејности** | 167 | 172 | 214 | 117 | 122 | 125 |
| 5 | **Стручни, научни и технички дејности** | 276 | 276 | 272 | 69 | 71 | 69 |
| 6 | **Дејности на здравствена и социјална заштита** | 118 | 119 | 112 | 59 | 58 | 56 |
| 7 | **Градежништво** | 185 | 186 | 192 | 39 | 40 | 40 |
| 8 | **Административни и помошни услужни дејности** | 80 | 79 | 94 | 28 | 31 | 30 |
| 9 | **Образование** | 43 | 42 | 42 | 26 | 25 | 23 |
| 10 | **Информации и комуникации** | 59 | 55 | 57 | 21 | 18 | 22 |
| | **Вкупно** | **2 608** | **2 654** | **2774** | **971** | **972** | **1013** |

Извор: Централен регистер на Република Македонија

1 – Активни деловни субјекти

2 – Активни деловни субјекти управувани од жени

Погоре претставените податоци редоследно ни ги прикажуваат десетте најзастапени сектори во кои дејствуваат активните деловни субјекти управувани од жени но и сите активни деловни субјекти.Може да се забележи дека компаниите управувани од жени најповеќе дејствуваат во секторот трговија на големо и трговија на мало со 37%, на второ место се преработувачката индустрија и објекти за сместување и сервисни дејности со храна со по 13 %, на другите услужни дејностиоп припаѓаат 12% , стручната научна и техничка дејност е застапена со 7%, дејноста на здраствена и социјална заштита е присутна со 6% додека градежништвото е застапено до 4%, по 3% им припаѓаат на административни и помошни дејности и образованието и 2% на информации и комунаикации. На останатите сектори им припаѓа помалку од 1% од вкупниот број на активни деловни субјекти.

Состојбите на секторско ниво кај сите активни деловни субјекти во Општина Охрид во некои сектори се поклопуваат но во некои има мали отстапувања. Трговијата на големо и мало и тука е на прво место, потоа доаѓа преработувачката индустрија, објекти за сместување и сервисни дејности со храна. Стручна научна и техничка дејност, градежништво и други услужни дејности четврто, петто и шесто место. Дејности на здраствена и социјална заштита, административни и помошни дејности, Информации и комуникации и образование се на последните четири места на скалата.

### 2.3.4 Структура на активни деловни субјекти управувани од жени според потекло на капитал

| Р.б. | Деловни субјекти | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Домашен капитал | 855 | 860 | 899 |
| 2. | Неопределен капитал | 103 | 99 | 101 |
| 2. | Странски капитал | 13 | 13 | 13 |

Извор: Централен регистер на Република Македонија

### 2.3.5 Дваесет позначајни активни деловни субјекти управувани од жени кои оствариле највисоки приходи во Општина Охрид 2023 година

| Назив |
|---|
| ДПУ ЛТХ ЛЕАРНИЦА ДООЕЛ |
| ДТПУ ГРИН ФЛЕЈМ ДООЕЛ |
| ТДПТУ СЕМАФОР-КОМЕРЦ-Р ДООЕЛ |
| ДПТУ Турист-Инжинеринг ДООЕЛ увоз-извоз |
| ТДПТУ НЕФИ ИК ДООЕЛ увоз-извоз |
| ДПТТУ ПЕ-ЛОГИСТИК ДООЕЛ |
| ДУТП ТРПЕ ИНВЕСТ увоз-извоз ДООЕЛ |
| ТДПТУ ТЕДИ КОМЕРЦ ДООЕЛ |
| АОИЛ ПИТОН ДОО |
| ТДГИП ИЛИНДЕН ИНЖИНЕРИНГ ДОО |
| ТДПТУ ВИЕМИ 3 & 3 Охрид ДООЕЛ |
| ТДТ ПЕТРОЛ ДОО |

| |
|---|
| **ДТХУТ УНИКАТ 2017 ДОО** |
| **ДПТ ИНЖИНЕРИНГ ДАСС ДОО** |
| **ТДПТУ МИТРОТЕК увоз-извоз ДООЕЛ** |
| **ТДПТУ БВЦ ДООЕЛ** |
| **УТП ИНЕКС ГОРИЦА АД** |
| **ТДПТУ ТАМАРО-ДООЕЛ** |
| **ХУАД ОХРИДТУРИСТ** |
| **ТДПТИ ПАП-КОМПАНИ ДООЕЛ** |

Извор: Централен регистер на Република Македонија

# 3 Деловно Опкружување

## 3.1 Достапност на поволни извори за финансирање на деловните субјекти

Компаниите во општина Охрид како и останатите компании во Република Македонија имаат пристап до дополнителни извори на финансиски средства. Притоа дополнителни извори за финансирање можат да се обезбедат и за старт-ап, новоосновани компании, но и за компании кои веќе постојат на пазарот. За новооснованите компании средства може да се обезбедат од национални програми имплементирани од страна на Владата во соработка со интернационални донорски организации, додека пак веќе постоечките компании дополнителни извори на финансирање може да добијат од комерцијалнии инвестициски банки, развојни банки како и од други финансиски институции.

### 3.1.1 Комерцијални банки

Комерцијални банки кои имаат свои филијали во Општина Охрид нудат најразлични видови финансиски услуги за приватниот сектор. Истите можат да се најдат на веб страните наведени во продолжение:

a. Комерцијална банка А.Д. Скопје (www.kb.com.mk)
b. НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (www.nlbtb.com.mk)
c. ПроКредит банка А.Д. Скопје (www.procreditbank.com.mk)
d. Стопанска банка А.Д. Скопје (www.stb.com.mk)
e. Стопанска банка А.Д. Битола (www.stbbt.com.mk)
f. ТТК Банка А.Д. Скопје (www.ttk.com.mk)
g. 10.Уни банка А.Д. Скопје (www.unibank.com.mk)
h. 11.Халк банка А.Д. Скопје (www.halkbank.mk)
i. 12.Централна кооперативна банка А.Д. Скопје (www.ccbank.mk)
j. 13.Шпаркасе банка А.Д. Скопје (www.sparkasse.mk)15

### 3.1.2 Развојна банка на Македонија АД Скопје http://www.mbdp.com.mk

Развојна банка на Македонија АД Скопје е развојна и извозна банка чија стратешка

цел е да го поддржува и поттикнува развојот на Македонското стопанство преку кредитирање на мали и средни претпријатија и извозни компании. Оваа банка за поддршка на развојот ги нуди следните финансиски производи на малите и средните претпријатија:

### 3.1.2.1 КРЕДИТИРАЊЕ:

- Кредит за поддршка на извозот;
- Кредит за мали и средни претпријатија;
- Кредит за поддршка на земјоделството и агроиндустријата;
- Кредит за микро компании;
- Кредит за енергетика;
- Кредит за намалување на невработеноста;
- Кредит со гарантна шема;
- Кредит за сместувачки капацитети;
- Кредит за старечки домови и градинки;
- Кредит за општините во Р.Македонија.

### 3.1.2.2 КРЕДИТНО ОСИГУРУВАЊЕ на:

- Домашни побарувања (пред и по испорака);
- Извозни побарувања (пред и по испорака);
- Од комерцијални и политички ризици.

### 3.1.2.3 ФАКТОРИНГ

Финансиска активност со која една фирма ги продава своите побарувања од купувачите на финансиски посредник - фактор (банка, финансиско друштво итн.) по намалена (дисконтирана) вредност, а потоа факторот ги наплатува побарувањата од должниците).

### 3.1.2.4 ФОНД ЗА МИКРО И МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

(за поднесување на кредитно барање за директно кредитирање на микро и мали претпријатија погодени од КОВИД 19)

- Фондот за микро и мали претпријатија од кој ќе се реализира оваа кредитна линија е формиран со средства преку EU4Reselience ИПА програмата на Европската Унија кои се ставени на располагање на Фондот во износ до 30 милиони евра во денарска противвредност и буџетски придонес во износ од 60 милиони денари.16
- Намена на кредитот: За основни и обртни средства заради непречено финансирање на тековните активности и потребата од обртен капитал како и поддршка при реализација на проекти за купување на основни средства во функција на реализација на бизнисот

## 3.2 Достапност на локални и национални програми за поддршка на деловните субјекти на територијата на Република Македонија по региони и во Општина Охрид

Поголемиот број на активните деловни субјекти се сконцентрирани во Скопскиот плански регион. Доколку при реализација на државната помош за претприемништвото и МСП не се земе предвид степенот на развиеност на планските региони има ризик воочениот диспаритет да се продлабочи. Од таа причина неопходно е политиката и спроведувањето на активни мерки за зголемување на претприемачкиот и иновативниот капацитет на МСП да целат кон создавање динамичен екосистем на претприемништво и иновации во сите плански региони и на тој начин да се поттикне економската конкурентност на Република Македонија како целина. Тука влегуваат сите видови на подршка, од субвенционирање на работењето па се до подршка во обезбедување на извори на финансирање на бизнисите.

Општина Охрид е во предност во овој поглед бидејќи на територијата на Општина Охрид делува најстарата Фондација за поддршка на претпријатија ЕСА Охрид која е дел од мрежата за поддршка на МСП на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија АППРМ. Во Општина Охрид постојат голем број на можности за финансирање и пристап до дополнителни извори на финансиски средства за потенцијалните инвеститори. Фондацијата за поддршка на претпријатија – ЕСА Охрид регион има за цел да им помогне и даде поддршка на компаниите од регионот при добивањето на информации за овие можности за финансирање. ЕСА Охрид нуди поддршка на компаниите од регионот при аплицирање за искористување на некоја од можностите за финансирање. Оваа поддршка се состои од информирање на компаниите за потенцијалните можности, подготовка на апликациони формулари како и пишување на предлог проекти за искористување на постојни грантови и можности за финансирање. Покрај овие услуги ЕСА Охрид нуди можности за пристап до нефинасиска поддршка за МСП преку обичен ваучер за специјализиарани консултански услуги ( маркетинг, финсии, производство, стандардизација итн). Во нефинансиска поддршка спаѓаат и можностите за менторство на МСП проект реализиран во соработка со АППРМ и ЈИЦА (Јапоската агенција за интернационална соработка) како и издавање на ваучер за консултанти за Бизнис План за лицата кои се дел од програмата Самовработување која се реализира во соработка со Агенцијата за Вработуванње на РМ и АППРМ.

# 4 Пазар на работна сила

## 4.1 Вработување

### 4.1.1 Структура на работоспособно население во Општина Охрид

Во Општина Охрид заклучно 31.01.2023 година има 19.863 вработени лица, од кои 9.570 се жени, а 10.293 се мажи.




Сл. 1: Број на вработени мажи и жени според старосна структура

На Сл. 1 дадена е графички приказ на застапеноста на вработените жени и мажи поделени според старосни граници (15-19 год. 20-24 год. 25-29 год. 30-34 год. 35-39 год. 40-44 год. 45- 49 год. 50-54 год. 55-59 год. 60-64 год. 65+). Резултатите покажуваат дека најголем број на запослени лица (мажи и жени) има во старосните граници од 35 до 50 години и кај двата пола. Интересен е податокот дека во овие три старосни категории доминира женската популација за 1% (старосна група45- 49 год.) до 6% во старосна група 35-39 години.

#### 4.1.2 Структура на невработени лица според пол

Бројот на невработени лица (активно население) е 2.862 од кои 1.570 се мажи, 1.292 се жени.




Сл. 2: Број на невработени мажи и жени според старосна структура

Во однос на бројот на активни невработени лица заклучно со 31.01. 2023 год. (Извор: Агенција за вработување на РМ) прикажан на Сл. 2 јасно се гледа дека во сите старосни категории бројот на невработени мажи е поголем од бројор на невработени жени. Исклучок има само во старосната група од 25-29 години каде само за 1% има поголема стапка на невработеност кај женската популација во однос на машката. Резултатите

очигледно покажуваат дека девојките почнуваат порано и побројно да работат уште од 15 годишна возраст за разлика од момчињата, а исто така и повеќе се активни и после 60 години каде разликата од 75 % (односно 159 невработени мажи во однос на 41 невработена жена) во оваа возрасна група помеѓу мажите и жените е значајна.

### 4.1.3 Старосна структура на невработени жени




Сл. 3: Процентуален приказ на невработени жени според старосна структура во 2023 годин

Графичкиот приказ на Сл.3 покажува дека најголем процент на невработени жени има во старосните групи од 25-29 години и 35-39 години. Можно објаснување е тоа што младите жени од стросната група 25-29 години имаат завршено високо образование и не можат да пронајдат работа според своите квалификации. Исто така, старосната група на жени од 35-39 години неможат да најдат вработување бидејќи не поседуваат вештини и знаења кои ги бара пазарот на труд и истите инертно реагираат на потребите на пазарот и не вложуваат да ги надградат своите знаења и вештини.

Број на невработени жени според старосна структура во преиод 2020/2022 година




Сл. 4: Број на невработени жени според старосни структура во период 2020-2022 год.

Графичкиот приказ на невработени жени според старосни категории (Сл. 4) во период од три години (2020,2021 и 2022 год.) покажува дека стапката на невработеност во 2022 год. се намалува кај старосните групи од 15-19 год., 30-34 год., 35-39 год., 45-49 год., 50-54 год. и 55-59 години. Загрижува податокот што доаѓа до зголемување на стапката на невработеност кај старосната група 25-29 години, што како што наведовме се должи на

завршувањето на несоодвето високо образование за кое што нема побарувачка на пазарот на труд. Голем недостаток е тоа што ниту едно средно училиште во Охрид нема креирано кариерен центар каде што отворено ќе им се предочат на учениците трендовите на пазарот на труд, кои занимања се дефицитарни со цел истите рационално да пристапат кон личниот избор на својата професија.

### 4.1.4 Национална структура на невработени жени







Сл. 5: Преглед на невработени лица според национална припадност со состојба на 31.01.2023 год. Сл. 6: Нациоална структура на женската популација во Охрид според попис 2021

Поголемиот дел од невработените жени, односно 79 % се од македонска националност.

### 4.1.5 Образовна структура на невработени жени




Сл. 7: Број на невработени жени според степенот на образование заршно 31.01.2023 год. (Извор: Агенција за вработување на РМ)

Од графичкиот приказ на Сл. 7 се гледа дека најголем број на невработени жени (422) се без образование или со завршено основно образование. Потоа следуваат групата на незапослени жени со средно образование (388) и високо образование (212). Податоците укажуваат на потребата за мотивирање на невработените жени за добивање на

дополнителни вештини и знаења кои ги бара пазарот на труд или пак едукација за стекнување на вештини кои се потребни за отпочнување и водење на свои бизниси.

### 4.1.6 Структура на навработени жени според време на чекање




Сл. 8: Број на невработени жени според време на чекање на вработување со состојба на 31.01.2023 година

На Сл. 8 прикажан е бројот на невработени жени според време на чекање на вработување со состојба на 31.01.2023 година (Извор: Агенција за вработувањена РМ). Загрижувачки е фактот што голем е бројот на женска популација кои што чекаат 2 години (181) и 8 години (178). Потребна е подетална анализа за утврдување на причинините кои доведуваат до ваква сотојба.

### 4.1.7 Можности за пристап до национални и локални програми за самовработување

Програма за самовработување (http://rabotaimoznosti.mk/).

Програмата Самовработувањенуди одлична можност за основање на свој бизнис. Со добивање на неповратни средства воизнос од 307.500 денари, или до 615.000 денари за здружување на двајца, плус советодавна поддршка и обука од областа на претприемништовото, визијата заостварување на вашата бизнис идеја има реални шанси да се оствари.

Успешно селектираните кандидати од циклусите на програмата, ќе имаат можност за добивање советодавна и финансиска поддршка за регистрација на сопствените бизниси за набавка на потребната опрема и/или материјали. Со тоа тие стануваат конкурентни правни субјекти подготвени да се борат со предизвиците на пазарот. Сите детални информации за програмата, условите за аплицирање, процесот на селекција, успешните приказни од веќе основани бизниси поддржани од оваа програма, ќе може да ги најдете на оваа е-страница или работните клубови при Центарот за вработување во Општина Охрид. Програмата е заеднички реализирана од Министерството за труд и социјална политика (МТСП), Агенцијата за вработување на Република Македонија (АВРМ), и Агенцијата за поддршка на претприемништвото АППРМ при Министерството за

економија. Програмата Самовработување е дел од Оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2023 година.

Фондацијата за поддршка на претпријатија ЕСА Охрид од 1998 година е дел од мрежата за поддршка на МСП во Југозападен плански регион, а од 2006 е вклучена во реализацијата на оваа програма преку воспоставување на врски со локалните консултанти за креирање на Бизнис План за деловите идеи на лицата кои отпочнуваат бизнис, советување и изготвување на Бизнис планови на лицата кои сакаат да отпочнат свој бизнис, но и за поддршка по основањето на бизнисите, преку постојано информирање на управителите на новоосниваните претпријатија за можностите за поддршка за МСП кои се појавуваат или се присутни на национално, регионално и локално ниво.

# 5 Анализа на социјален развој

## 5.1 Установи за поддршка на жените претриемачи кои имаат основано семејства со потомство

### 5.1.1 Предучилишни установи кои работаа со продолжено работно време

Во општина Охрид не постојат предучилишни установи кои работат двосменски, па затоа жените кои имаат свои претпријатија или сакаат да отпочнат свој сопствен бизнис во моментот се потпираат на своите потесни или пошироки семејства при растење на своите потомства.

### 5.1.2 Основни училишта со продолжен престој на учениците

Во општина Охрид постојат училишни установи кои ја нудат можноста за користење на услугата продолжен престој на учениците, па затоа жените кои имаат свои претпријатија или сакаат да  отпочнат свој соптвен бизнис во моментот можат да ја искористат таа можност.

# 6 Анализа на инфраструктура

## 6.1 Патна инфраструктура

Низ територијата на општина Охрид поминуваат следните магистрални и регионални патишта:

- Магистрален пат А2 Охрид-Кичево-Скопје со должина од 176км
- Магистрален пат А3 Охрид-Битола-Скопје со должина од 235км
- Регионален пат Р 1301, Охрид-Свети Наум, со должина од 29км
- Регионален пат Р 1208, Охрид-Струга, со должина од 14км

Вкупната локална патна мрежа во општина Охрид, врз основа на статистички податоци од 31 Декември 2013г, изнесува 163км од кои 99,5км се асфалт и коцка, 32км се макадам, 13,5км се земјени и 18км се проектирани (податокот е земен од Државниот Завод за статистика во Декември 2013г.)

## 6.2 Аеродром

Аеродромот Охрид се наоѓа на 9 км од градот, на магистралниот пат Струга - Кичево - Скопје. Должината на полетно - слетната патека е 2.550 м, а ширината 45 м. Капацитетот на Аеродромот е 300 патници / ч. Вкупниот аеродромски комплекс е со површина од 640.850 м, од кои 155.000 м за полетно - слетната патека, спојниците, пристанишната платформа и сервисните патеки. Врз основа на вака поставениот критериум се дефинира опслужното подрачје на Охридскиот аеродром за покриеност и на општините: Ресен, Струга, Охрид, Битола, Прилеп, Кичево, Дебар, Македонски Брод и Демир Хисар како општини со ограничени можности за просторна покриеност. Од статистичките податоци за физичкиот обем на сообраќајот во периодот 1997 - 2003, се добива податок дека се искористува приближно 40% од расположливите сообраќајни капацитети на Аеродромот во текот на една година.

## 7 Образование – образовни институции

На територијата на општина Охрид има основни училишта, средни училишта, државни високообразовни институции и централна државна градинка. Во сите средни училишта особено во средното економско училиште во повисоките класови се изучува предметот Бизнис. Постои потреба од претставување на претприемништвото на младата популација од најраната возраст по примерот на напредните економии во светот. Претставувањето треба да биде практично, разбирливо и креативно заради создавање можност помладите генерации да разберат што значи да се биде претприемач и го посакаат тоа за нив во иднина.

## 8 Земјоделство и сточарство

Подрачјето на општина Охрид располага со релативно голем фонд на обработлива земја во чија структура преовладува плодно земјиште кое за жал во најголем број случаеви е неискористено. Според податоците на ДржавниотЗавод за статистика и податоците од Пописот на земјоделско земјиште од 2007 година, вкупно расположивата површина на земјиште изнесува 2395ха, од која 1845ха е користено земјиште. Вкупниот број на индивидуални и земјоделски стопанства изнесува 3137. Земјиштето на ова подрачје е ридско планинско, каде најмногу се застапени шумите, потоа обработливото земјиште и пасиштата. Во обработливото земјиште најголемиот дел е под култура-нива, додека значајно помал дел се овошни градини, ливади и лозја, а многу мал дел се градини.

## 9 Туризам – туристички капацитети од друг вид самостојни издавачи на соби

Во регистарот за угостителска дејност кој го води Градоначалникот на Општина Охрид, за вршење на услуга за издавање на легла за гости-туристи во домашно сместување како сопственици се запишани вкупно 2455 лица од кои 1637 мажи и 818 жени.

# I. SWOT АНАЛИЗА

| | Strengths (Јаки страни) | Weaknesses (Слабости) |
|---|---|---|
| Внатрешни фактори | • Желба и посветеност во локалната самоуправа за развој на женското претприемништво<br>• Екипиран сектор за Туризам и локален економски развој (ТЛЕР) во Општина Охрид<br>• Фондација за поддршка на претпријатија ЕСА регионален центар за поддршка на МСП со седиште во Охрид како дел од мрежата за поддршка на МСП во Република Македонија<br>• Акцелератор за почетни бизниси во рамките на Универзитетот Св.Апостол Павле во Охрид<br>• Креирање на Стратегија за развој на женско претприемништво<br>• Високо образовни институции<br>• Општината е добро место за започнување бизнис,<br>❖ Оптимална сообраќајна, енергетска и комунална инфраструктура,<br>❖ Постоење на аеродром,<br>❖ Пристап до финансии преку постоење на развиен банкарски ситем,<br>❖ Пристап до друг вид на поддршка преку Фондацијата за поддршка на претпријатија ЕСА,<br>❖ Силен услужен и производствен сектор,<br>❖ Постоечки индустриски капацитети,<br>❖ Човечки ресурси и Високообразован кадар кај помладите жени кои поседуваат понапредни вештини и знаења соодветни на пазарот,<br>❖ Човечки ресурси 19 863 економско активни граѓани | • Послаба застапеност на жените управители/соспственици во активните деловни субјекти во општина Охрид (36 % од активните деловни субјекти во Општина Охрид управители се жени)<br>• Општата економска состојба,<br>• Мал затворен пазар,<br>• Зависност од увоз<br>• Неорганизираност и некоординираност на бизнис секторот,<br>• Немање контуирана интелектуална поддршка на почетните бизниси,<br>• Немање на континуирана интелектуална поддршка на постојните деловни субјекти<br>• Недоволна подготвеност да се прифаќаат нови идеи,<br>• Дисконтинуитет во соработката помеѓу различните институции<br>• Недоволен број на странски инвестиции,<br>• Недоволна мобилност (флуктуација) на работната сила,<br>• Даночна политика,<br>• Неискористеност на постоечките производни и услужни капацитети како движечки економски фактор,<br>• Висока цена на електричната енергија и енергенсите,<br>• Немање железница,<br>• Недоволно профилиран кадар за потребите на пазарот,<br>• Недостаток на современи маркетинг промоции |

| | | |
|---|---|---|
| | ❖ Високообразован кадар кој поседува понапредни вештини и знаења соодветни на потребите на пазарот<br>❖ Можности за градба на соодветни делови капацитети во општината која ги прати потребите од проширување на деловните субјекти<br>• Богато природно наследство<br>❖ НП Галичица,<br>❖ Природни ресурси,<br>❖ Богата хидрографија (реки),<br>❖ Охридско Езеро,<br>❖ Охридското и Преспанското Езеро<br>❖ како единствен хидро систем,<br>❖ Поволна клима (голем бр. на сончеви денови, ветрови, чист воздух),<br>❖ Поволна надморска височина,<br>❖ Богат биодиверзитет,<br>❖ Изобилство на ендемска флора и фауна<br>❖ Хидробиолошки завод,<br>• Туристички потенцијал<br>• Богато културно наследство<br>❖ Споменици на културата од профан и сакрален карактер<br>❖ Охридско лето<br>❖ Балкански фестивал<br>• Богато традиционално занаетчиство | • Расцепканост на обработливото земјиште,<br>• Недоволната искористеност на природните ресурси на националниот парк Галичица,<br>• Отсуство на колективната свест за општествена одговорност кај граѓаните,<br>• Отсуство на самоиницијатива,<br>• Страв од промени,<br>• Краткорочно решавање на проблемите,<br>• Намален прираст на населението,<br>• Стареење на населението,<br>• Многу е мал бројот на жители до 18 години,<br>• Намален бројот на деца по семејство,<br>• Намалено склучување на бракови,<br>• Миграција село-град (град-село),<br>• Зголемено иселување на млади брачни парови надвор од државата |
| | **Opportunities (Можности)** | **Threats (Закани)** |

| | | |
|---|---|---|
| | • Јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор да креираат заедничка развојна, политика,<br>• Стимулативни мерки во надлежност на ЛС за поттикнување на локалната економија,<br>• Подобрување на општата бизнис клима за привлекување на инвестиции,<br>• База на податоци и мапирање на<br>• стопанството,<br>• Ревитализација на постојните<br>• индустриски капацитети,<br>• Формирање на бизнис акцелератори и кластери,<br>• Формирање на гарантен фонд и<br>• кредитен риволвинг фонд за развој,<br>• Секторско брендирање,<br>• Интензивирање на улогата Фондацијата за поддршка на претпријатија ЕСА, како сервис на активните деловни субјекти кои почнуваат со работа и зрелите деловни субјекти преку воведување на мерки и акции поддржани од локалната самоуправа,<br>• Заеднички настап на саеми и<br>• промоции,<br>• Соработка меѓу мали средни и големи претпријатија - кластери,<br>• Подоба координација и конзистентност меѓу економската и социјалната политика,<br>• Електронска (веб базирана) берза на труд,<br>• Мерки за поттикнување на самовработување поддржани од буџетот на локалната самоуправа,<br>• Соработка помеѓу образовни институции и деловните субјекти со цел унапредување на наставните програми заради | ❖ Процес на транзиција,<br>❖ Законодавство,<br>❖ Политизирана економија,<br>❖ Сива економија (нерегистрирана и<br>❖ неоданочена дејност),<br>❖ Корупција |

| | | |
|---|---|---|
| | креирање на работна снага со соодветни знаења и вештини согласно потребите на стопанството,<br>• Поттикнување на проекти за унаредување на претприемништвото,<br>• Поттикнување на проекти за искористување на обновливи извори на енергија,<br>• Лобирање за приклучување на гасоводна мрежа и изградба на железница,,<br>• Програми за вработување на лица со посебни потреби - социјално претприемништво,<br>• Рурален развој,<br>• Органско производство на здрава храна,<br>• Стимулирање и поддршка на традиционално занаетчиството,<br>• Поттикнување на органско производство на здрава храна<br>• Развој на алтернативен, рурален и еко туризам,<br>• Кандидатскиот статус за влез во ЕУ | |

## II. СОСТОЈБА И КЛУЧНИ ПРЕДИЗВИЦИ ЗА РАЗВОЈ НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### Појдовни точки во дефинирање на целите

Од анализата на состојбата на економската активност на жените во Општина Охрид (следено преку претприемачката активност на жените, вработеноста, платите и невработеноста, како и сопственичката и управувачката застапеност на жените) и анализата на стратешката рамка за развој на женско претприемништво во Република Македонија, како појдовна точка за идентификување на јавни политики во областа на женското претприемништво во Македонија за периодот 2018-2023, може да се идентификуваат следниве појдовни точки во дефинирање на целите:

### i. Клучни проблеми

- Послаба застапеност на жените во претприемачките активности;

- Послаба застапеност на жените во сопственичката структура на претпријатијата и занаетчиството;
- Недоволна застапеност на жените во управувачките структури во другите деловни субјекти во Општина Охрид;
- Недостиг на статистичко следење базирано на родот;
- Недоволна координација и соработка помеѓу актерите кои ги спроведуваат јавните политики, програмите и иницијативите со кои се придонесува кон развојот на женското претприемништво како на национално така и на локално ниво;
- Незначителни вложувања во разни активности за јакнење на женското претприемништво од страна на Владата на Р.Македонија;
- Одсуство на вложување во активности за јакнење на претприемништво вклучително и женско претприемништво на локално ниво;
- Слаба ефективноста на применетите активности и вложените финасиски средства за развој на женското претприемништво на национално ниво;
- Наповрзаност на активности за јакнење на женското претприемништво на национално ниво/локално ниво;
- Непостоење на механизми за евалуација на учинокот од примена на поединечни активности/финасии за поддршка на развојот на женското претприемништво;

ii. **Пречки кои го отежнуваат решавањето на проблемите во јакнењето на женското претприемништво Генералната политика на државата**

- Непостоење на афирмативни мерки кои што ќе овозможат стимулирање на економската активност на жените;
- Декларативниот став на институциите поддржувачи на женското претприемништво, без одржливи решенија за надминување на состојбата;
- Родова сензитивност на сите активни чинители;
- Недоволна комуникација и координација меѓу владини институции, невладин сектор, донаторски организации и други заинтересирани страни на полето на заедничко застапување и воспоставување на ефективни мрежи на соработка со цел подобрување на развојот на женското претприемништво;
- Знаења и компетенции кои образовниот процес не ги обезбедува и непостоење на различни програми - обуки за различни целни групи за стекнување на знаења и компетенции за водење на бизнис (пр. потенцијални претприемачи, почетни бизниси, етаблирани бизниси, маргинализирани групи итн.).

iii. **Културно – социјални препреки**

- Традиционалната улога на жената во семејството и современиот начин на живеење кое бара целосна вклученост во општествените и економските текови, притисок од средината за местото на жената во семејството;
- Перцепција на околината за жената во бизнис средината и недоволната свесност за економскиот добробит од развојот на женското претприемништво;
- Недоволен број на детски градинки кои се во функција на жените претприемачи;
- Недоволно развиена претприемачка култура (недостаток на претприемачки вештини, превземање ризик);
- Недоволен поттик од страна на средината за почнување на бизнис.

iv. **Пристап до финансии**

- Недоволен пристап до финансии (грантови, заеми, инвестициски фондови, ивеститори, гарантни фондови, бизнис ангели и слично);
- Недостаток на информации за пристап до финансиска помош наменета за развој на претприемништво во целост.

v. **Пристап до информации**

- Слаб пристап до информации за можностите за започнување и водење на бизнис, поддршка на бизнисите и информации за сите аспекти на водење на бизнис;
- Недостаток на информации на локално ниво за можностите за зголемување на капацитетот на жените претприемачи/идни претприемачи за водење на бизнис преку обука ;

Идентификуваните пречки, преку аналитичка студија и фокус групи, можат да се групирааткако *структурални, економски и „меки“.*

vi. **Структурални (контекстуални) пречки**

- Традиционалните ставови за улогата на жената во општеството;
- Стереотипите за жените во претприемништвото, посебно во претприемничките потфати кои се засноваат на технолошки знаења;
- Изборот на образование на жените ја намалува можноста да се започнат деловни потфати во технолошки интензивните дејности;
- Недостаток на поддршка за жената со два работни ангажмана (семејство и професија)
- Политичко-регулаторна рамка и нејзина имплементација со цел јакнење на рамноправноста на половите;

Структуралните пречки најмногу бараат, бидејќи се резултат на културолошкото наследство (на вредносните основи), на недостаток на политичка волја за доследна примена на политичко-регулаторната рамка и инфраструктурен недостиг за поддршка на семејниот живот. За нивното отстранување потребен е политички консензус, долготрајни активности во областа на образованието (за системот на вредности, вклучувајќи ја и

одговорноста за семејниот живот), но и промени на регулаторната рамка (овозможување на разни облици на вработување и извршување на деловните активности) и значителна поддршка за развој на институции за грижа за децата и постарите лица (вклучувајќи и систем за финансиска поддршка на жените за користење на услугите за грижа за деца доколку бидат вклучени во програми за едукација за започнување на деловен потфат). Освен тоа, исклучително е важно континуирано да се работи на родовата сензибилност на јавноста (образование, медиуми), но и конзистентно да се вградува родовата димензија во функционирањето на општеството.

**vii. Економски пречки**

- Отежнат пристап до финансиски ресурси;
- Недоволниот број контакти (невмреженост) го отежнува пристапот до финансиски ресурси.

Оскудноста на алтернативни облици за финансирање на деловните потфати во Македонија (недостаток на микрокредитни институции, бизнис ангели, фондови на ризичен капитал ...) бара од Македонската банка за поддршка на развој да обрне посебно внимание кон финансирањето на женски потфати, но и стратешко партнерство на различни владини програми со комерцијалните банки за поттикнување на деловните потфати на жените кои се со потенцијал за раст. Владата/локалната власт би требала да ги стимулира новите и алтернативните облици на финансирање (бизнис ангели), а регулаторните решенија можноста за нови облици на финансирање (crowdfunding).

**viii. „Меки“пречки**

- Недостаток на пристап до мрежите на претприемач-и/ки
- Недостаток на обуки и едукативни програми фокусирани на технолошки интензивни потфати;
- Недостаток на примери, посебно од областа на деловни потфати во технолошки интензивните дејности и науки;
- Недостаток на совети, менторство;
- Перцепција на жените во поглед на недостатокот на доверба, капацитетот за преземање на ризици;

Меките пречки се надминуваат со поголема вклученост и интегрираност на сите институции, невладин секктор и сите активни чинители кои работат на полето на ЖП, преку развој на структурирани програми за зајакнување на меките вештини за претприемништво се со цел да се надмине постоечката состојба.

## III. КЛУЧНИ ЗАСЕГНАТИ СТРАНИ

### a. Јавен сектор - Локална самоуправа (градоначалникот и Советот на Општина Охрид)

Локалната самоуправа игра интегрална улога во создавањето поволна деловна средина со креирање на јавна политика за распоредување на буџетски средства за реализација на локални програми и проекти за поддршка и развој на женското претприемништво. Локалната самоуправа (градоначалник и претставниците на Советот на општина Охрид) имаат активно учество за поттикнување на економското зајакнување на жените преку промовирање и внесување на иницијативи во годишните програми за поддршка и развој на женското претприемништво.

### b. Приватен сектор

Сите активни деловни субјекти од општина Охрид. Активните деловни субјекти имаат значајна водечка и застапувачка улога со големо влијание на работното место, пазарот и заедницата. Техничките и менаџерски знаења и вештини од некои менаџери во Општина Охрид можат да се стават во функција за подигнување на знаењата и вештините на новите менаџери. Активните деловни субјекти кои се имаат етаблирано на пазарот можат да ги задоволат своите потреби и на тој начин да создадат нови економски можности за жените претприемачи. Корпоративните купувачи може да бидат особено непроценливи за жените добавувачи.

### c. Здруженија на граѓани и фондации (НВО)

Фондација за подршка на претпријатијата ЕСА Охрид која активно дејствува на полето поддршка и развој на претприемништвото од нејзиното основање во 1998 година до денес. Благодарение на континуираното уанпредување на вработените во фондацијата и нивната постојана вклученост во проекти и иницијативи за поддршка на претприемништвото општината поседува знаења, вештини и компетенции за водење на процеси чии краен резултат е обезбедување на континуирана поддршка за развој на женското претприемништво.

Регионално здружение на занаетчии со седиште во Охрид. Поседува база на податоци и контакти со носители на занаетчиската дејност во Општина Охрид

Кластер за туризам ЕДЕН – Здружение на туристичките работници од Југозападен плански регион

### d. Образовни институции во Општина Охрид

Сите средни и високо образовни институции во Општина Охрид. Образовните иституции претставуваат значаен фактор за промоција и поддршка на претприемништвото. Даваат директен придонес во стекнување на соодветни знаења и вештини на идните претприемачи. Истите можат да се стават во функција за пренесување на знаења и вештини на постојните деловни субјекти.

## IV. ВИЗИЈА

Визија на стратегијата е: **“Системски поддржано и интегрирано женско претприемништво како генератор на економскиот развој во Општина Охрид“**

Женското претприемништво е систематски поддржано на национално и локално ниво, во сите делови на Општина Охрид и интегрирано во нејзиниот економски развој како генератор на развој на постоечки и нови деловни субјекти и создавање на нови работни места.

## V. МИСИЈА

Мисија на стратегијата: Развој на ПРЕТРИЕМАЧКИ човечки капитал и создавање на услови и соодветна инфраструктура за развој на женското претприемништво која ќе се фокусира на развој на нови бизниси од жени претриемачи .

## VI. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1:**

**Зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти кои се основани и водени од жени претприемачи**

1.1 Финасиска Програма за поддршка на жени претприемачи

1.2 Програма за професионална поддршка на жени претприемачи

1.3 Програма за поддршка на здружување и вмрежување на жени претприемачи

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2:**

**Подобрување на пристапноста и атрактивноста на претприемништвото и активностите во стопанството за жени**

2.1 Програми за прилагодување на регулаторната рамка за женско претприемништво

2.2 Индиректна програма за поддршка на женско претприемништво

2.3 Програма за промоција на женско претприемништво

**СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3:**

**Дополнителна поддршка на специјални области на женското претприемништво**

3.1 Програма за поддршка на претприемачите во оласта на алтернативен туризам

3.2 Програма за поддршка на претприемачи во областа на занаетчиство

3.3 Програма за развој на женско претприемништво на село

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 1: ЗАЈАКНУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТНОСТА НА ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ КОИ СЕ ЗАПОЧНУВААТ И СЕ ВОДЕНИ ОД ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ

Првата стратешка цел вклучува дел од системската поддршка на претприемништвото на жените, што се однесува на насочени инструменти, политики и структури кои можат да придонесат за подобрување на конкурентноста на деловните субјекти отворени и управувани од жени. Програмите и мерките треба да придонесат за постигнување подобри деловни резултати, изразени преку постојано зголемување на приходите, извозот и додадената вредност што се остварува во деловни субјекти водени од жени-претприемачи. Мерење на постигнувањата за зајакнување на конкурентноста на деловните субјекти што ги започнуваат и раководат жени – претприемачи, како стратешка цел, може да се постигне преку следните индикатори:

- раст на извозот,
- раст на приходите,
- раст на додадената вредност (збир на остварена добивка и бруто-плати),
- раст на бројот на жени претприемачи во женските деловни здруженија.

Степенот на постигнување на оваа цел ќе зависи од ефективноста на потребната системска поддршка да обезбеди: финансиска поддршка, стручна поддршка и поддршка за здружување и вмрежување на женски претприемачи. Овие видови на поддршка се развиваат преку соодветни програми и активности.

### 1.1.1 Воспоставување и функционирање на посебна шема за грантови / фонд за претприемачи за различни видови поддршка

Грантовите за жени претприемачи се неопходни како поддршка за различни активности, а потребно е да се воспостави грант-шема преку која би се пласирале средства во согласност со нивните потреби и барања. Потребни се средства за деловни потреби на претприемачите (инвестиции во машини и опрема, нови производи, извоз активности, иновации, екологија, маркетинг, дистрибуција, промоција, дигитализација, стандарди, лиценци и други потреби кои произлегуваат од бизнисот), учество на саеми и други манифестации, поддршка за здруженија на жени, организирање манифестации за претприемачи, креирање на промотивни материјали, веб-страни и портали и други во насока на поддршка на женските претприемачи во согласност со нивните потреби.

Средствата би биле обезбедени преку создавање на фонд за жени претприемачи - финансиска ставка преку која би се здружувале средства на сите заинтересирани страни. Фондот би се создал со здружување на средства од буџетот Општина Охрид и различни национални и меѓународни извори на финансирање, од средства од имплементација на проекти и други финансиски извори. Општина Охрид со соработка со останатите чинители ќе креира услови и критериуми за основање, функционирање, менаџирање на грантовата шема, како и за распределба и контрола на користењето на средствата од истата.

Според достапните информации досега во единиците на локалната самоуправа во Охрид не постои посебен стратешки документ наменет за поддршка на женското претприемништво. Имајќи го предвид значителниот број меѓународни проекти кои се реализираат или ќе се реализираат во Локалната самоуправа на Општина Охрид и другите носители на Стратегијата ќе имаат обврска да иницира активности за финансиска

поддршка за жени-претприемачи со донатори кои дејствуваат на територијата на Република Македонија.

### 1.1.2 Воведување инструменти за ризичен капитал за жени претприемачи

Вложувачкиот капитал е вид на финансиска инвестиција од капитални инвеститори - компании кои не котираат на берзата и кои имаат потенцијал за раст и развој. Овие инвестиции создаваат нова додадена вредност. Инвеститорите најчесто инвестираат во нови компании, во компании кои не можат да добијат стандарден кредит, но и во иновативни и технолошки напредни компании со висок степен на ризик. Имајќи го предвид горенаведеното, овие видови на финансирање се одлична можност за жените претприемачи кои најмногу го финансираат својот бизнис од заеми и од сопствени средства. Во Општина Охрид потребно е да се работи на запознавање на жените претприемачи со овие видови на финансирање, подобро искористување на ваквите финансиски инструменти од меѓународни проекти и охрабрување на успешните жени претприемачи да инвестираат во нови потфати на млади жени претприемачи како што се жени инвеститори во ЕУ и таканаречената средина „деловни ангели“. Потребно е таквите финансиски инструменти да се доближат до жените претприемачи и да се презентираат нивните добри страни. Исто така, неопходно е промовирање на жените претприемачи кои ги користат овие видови капитал и оние кои инвестирале во одредени претпријатија.

## 1.2 ПРОГРАМА ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА ПОДДРШКА НА ПРЕТПРИЕМАЧИТЕ

### 1.2.1 Подготовка и организација на обуки за жени претприемачи

Обуката во областа на претприемништвото е важна за сите млади жени, но и за сите останати заинтересирани жени од која било возраст, кои сакаат да започнат сопствен бизнис и да воспостават одредена економска форма за бизнис. За да ги добиете вистинските информации, потребно е да се дизајнираат посебни програми за жени претприемачи кои ќе ги обезбедат вистинските информации важни за започнување бизнис, регистрација, заеми, финансиска поддршка, вработување, достапност на простор итн. По обуката, секоја жена треба да биде способна да донесе правилна

одлука за започнување бизнис и за потребна и достапна поддршка. Се разбира дека за жените претприемачи обуката поврзана со превземање на управувањето на семеен бизнис и подобрување на управувањето на деловните субјекти, како и други обуки кои се во врска со управувањето се исто така значајни.

### 1.2.2 Подготовка и организација на стручни обуки во приоритетни области и дигитална трансформација на економските субјекти што ги водат жени претприемачи

Жените претприемачи кои се во бизнисот долги години исто така имаат потреба од обука во сите сектори, со цел да го подобрат својот бизнис, да стекнат нови знаења и да ги подобрат нивните производи/услуги како и претставувањето на пазарот. Обуката е особено важна за жените претприемачи кои сакаат да создаваат нови сопствени производи или ги извезуваат своите производи на странските пазари. За оваа цел, неопходно е да се воспоставаат посебни програми за обука и да се воспостави конкретна инфраструктура која ќе овозможи вакви обуки.

Обука за иновации, финансиите и дигитализацијата се исто така од особено значење. Дигитална трансформација на деловните субјекти во сите деловни сегменти во наредниот период ќе биде од собена важност и во маркетингот и во производството. Користејќи напредни технологии, неопходно е да се развијат конкретни онлајн обуки кои една жена претприемач ќе може да ги погледне кога и одговара и кои се значајни за неа.

### 1.2.3 Менторство за жени претприемачи кои штотуку го започнуваат својот бизнис

Менторскиот систем е многу важен бидејќи предвидува поддршка од искусни претприемачи за почетници претприемачи, што успешно се применува во Европската Унија, некои околните земји, како и во Републка Македонија со поддршка на JICA (Јапонска агенција за интернационална соработка) во сорапотка со АППРМ (Агенција за промоција на претпријатијата на Република Македонија) при Министерството за економија. Фондацијата за поддршка на претпријатија ЕСА од Охрид ја спроведува менторската услуга во Југозападен плански регион од 2018 година.

Понатаму, искуствата на успешни, но и женски претприемачи што ги имале проблеми во бизнисот или рестартиран бизнис по банкрот е вредно и не може да се добијат преку општа и стручна обука. Бидејќи сродните проекти веќе се реализираат преку менторство и давање втора можност, неопходно е да се креираат програми каде би се користеле искуства на постоечките претприемачи. Преку оваа програма успешни претприемачи би биле стимулирани да станат ментори, како и млади жени претприемачи да користат менторски услуги. Особено е важно да се промовираат приказните за успешни жени-студентки во завршните години на студии и нивното поврзување.

## 1.3 ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ЗДРУЖУВАЊТО И ВМРЕЖУВАЊЕТО НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

### 1.3.1 Воспоставување база на податоци за жени претприемачи, здруженија на жени претприемачи и здруженија на жени во Општина Охрид

Во моментов нема посебна база на податоци или регистар во Република Македонија и Општина Охрид за жени претприемачи и здруженија на жени. Податоците се веќе вклучени во постоечките деловни бази на податоци на деловните субјекти кај кои горе-долу е видлива сопственоста на деловниот субјект. Со вакв сеопфатна база на податоци располага Централен регистер на Република Македонија.

Наведената база на податоци треба да ја води и ажурира посебен деловен субјект за поддршка на претприемништво од Охрид во соработка со Општина Охрид – Секторот за туризам и локален економски развој. Идентификувањето на жените претприемачи и здруженија е од особено значење за основање на мрежа и размена на потребни информации меѓу институциите и организациите и претприемачите, но и помеѓу самите претприемачи. Врз основа на податоците од овој регистар, ќе се утврди точната состојба на здруженијата на жени претприемачи, а потоа, ќе се определи бројот на вработени во претпријатијата раоводени од жени или број на членови во здруженијата, целта на основањето, дејностите, географската област опфатени со здружението и други важни индикатори. На овој начин ќе биде полесно да се создаде поддршка на локално, регионално и национално ниво.

### 1.3.2 Обезбедете професионална поддршка за подготовка и кандидатура на проекти за поддршка за женските претприемачи и подобрување на вмрежувањето и здружувањето на жени претприемачи

Специјални проекти за поддршка на женското претприемништво се спроведуваат преку Министерството за економија на Република Македонија и АППРМ.

Индиректна поддршка за претприемачите и жените како целна група е видлива преку многу проекти на Европската Унија, како и проекти на други донатори. Постои голем интерес на жените претприемачи за учество во вакви проекти, а неопходно е постојните организациите за поддршка да обезбедуваат помош за жени претприемачи при аплицирање за средства пред домашни и странски фондови. Обезбедена е помала поддршка за здруженијата на жени на кои им е потребно дополнително да се едуцираат за да можат да креираат проекти и да формираат партнерства кои се неопходни за аплицирање на одредени проекти. Во Општина Охрид постои одреден број здруженија на жени, но за жал не постои здружение на жени претприемачи. Најголем дел од тие здруженија не се активни, туку членови само повремено се собираат. Треба да се планираат и обуки за раководната структура на здруженијата, со цел да се стекнат со знаење за подготовка на проекти кои би помогнале за зајакнување на здружението и постигнување на нивна пазарна ефикасност. Обуките се неопходни и за новоформираните здруженија. Потребно е да се дизајнира поддршката со цел да се поттикне поврзувањето и креирањето на мрежни асоцијации кои пак би имале значен придонес во зајакнувањето на нивната улога во застапувањето на интересите на нивните членови. Секаков вид на вмрежување и кластерирањето на жените претприемачи ја зајакнува нивната улога и овозможува подобро застапување на интересите, и неопходно е да се промовираат овие активности.

### 1.3.3 Креирање на на Советот за женско претприемништво во Општина Охрид но и Совет за женско претприемништво во Југозападен плански регион и други совети на локално ниво во кои учествуваат жени

Од неодамна формиран е Советот за женско претприемништво при Општина Охрид со основна цел да се подобри застапеноста и статусот на жените во областа на претприемништвото, предлагање на законски решенија и мерки, учество во проекти, предлагање експертиза и едукација, промоција на женското претприемништво, учество на конференции, саеми, вмрежување на женските претприемачи и примена на принципот на родова еднаквост.

Вакви совети се основани и во други општини во Југозападен плански регион. Советите треба да работат на континуирана деловна едукација на деловни жени, базирана на практичен менаџмент знаења и вештини со цел да се подигне нивото на професионалност , стручност и компетенции.

Потребно е организирање на семинарите и програмите фокусирани на применливото деловно знаење и менаџерски вештини во областите: менаџмент, развој на човечки ресурси, маркетинг, финансии, односи со јавноста, стандарди за квалитет, заштита на животната средина, енергетска ефикасност, заштита на индустрискиот дизајн, подготовка и управување со проекти итн.

Постоењето и улогата на овие совети е многу значајна, а во наредниот период потребно е да се поддржат одредени проекти насочени за организирање и одржување на обуки за градење капацитети и модерирани дискусии за членовите на советот со цел дефинирање на препораки за подобрување на состојбите во оваа област, како и неопходни активности.

### 1.3.4 Организирање настани и манифестации кои можат да придонесат за вмрежување и здружување на жените во Општина Охрид и пошироко

Организирање на конкретни настани и манифестации на кои би учествувале претприемачи, жени кои сакаат да започнат бизнис и здруженија во Општина Охрид, Југозападен плански регон и Р.Македонија се одлична можност за членовите на здруженијата да разменат искуства и да се договорат за соработка и вмрежување.

Вакви организирани настани и манифестации на жени претприемачи се имаат случено во Р.Македонија под покровителство на проекти и донатори. Целта на ваквите настани и манифестации е поттикнување на организирање на што повеќе промотивни настани за жените претприемачи и нивните здруженија.

### 1.3.5 Користење на алатките на Европската мрежа за претприемништво за таа цел интернационализација на бизнисот на претприемачите.

Интернационализацијата на бизнисот е многу значаен процес заради поврзување со нови деловни партнери надвор од границите на Република Македонија. Со оглед на тоа дека мрежата на претприемништво е една од најважните алатки за интернационализација на бизнисот, достапна на територијата на Република Македонија, во наредниот период ќе работиме на интензивирање на соработката на жените претприемачи во рамките на ЕЕН.

Особено преку советот за женско претприемништво при Општина Охрид, тело кое е создадено исклучиво со цел зајакнување и развој на женското претприемништво. Во советот за женско претприемништво има претставници од Секторот за туризам и локален економски развој при општина Охрид, советот на Општина Охрид, Агенција за поддршка на претпројатија ЕСА Охрид, преставници наобразовни и научни институции со седиште во Охрид, жени претпремачи и здруженија на жени од општината.

### 1.3.6 Поддршка на ново креираната и единствена е-платформа за размена на информации и соработка на жените претприемачи од Република Македонија

Женското претприемништво е претставено на Националната платформа за женско претприемништво на Република Македонија, која ги обезбедува сите важни информации за жените претприемачите од нашата држава.
Благодарение на платформата голем број на информации и контакти се достапни за жените претприемачи кои им се потребни за поддршка на бизнисот, но и создадоа можност за создавање мрежи и неформални група на жени претприемачи. На платформата се промовирани и успешни приказни на жени претприемачи, проекти, саеми, конференции, најави за обуки и други видови поддршка. Во иднина сите видови на електронски презентации треба да се поврзат со Националната платформа за женско претприемништво на Р.Македонија. Потребен е професионален ангажман на компетентно лице/институција која ќе известува и ќе ги координира активностите кои се однесуваат на ново креираната платформа. Истите можат да се стават во функција за поодршка на целиот југозападен плански регион.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 2: ПОДОБРУВАЊЕ НА ПРИСТАПНОСТА И АТРАКТИВНОСТА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО И БИЗНИСИТЕ ЗА ЖЕНИ

Постојните општествени и културни состојби во општеството и нивната рефлексија во деловната организација и социјалната средина во Охрид не го препознаваат доволно деловниот ангажман на жените претприемачи. Жените сè уште се оптоварени со голем број други улоги што ги имаат. Од друга страна, жените сè уште немаат доволно влијание во донесувањето на прописи и правила што би можеле да создадат поповолни предуслови за нивна поактивна претприемничка улога и деловна кариера. Затоа втората стратешка цел опфаќа мерки и активности кои треба да се преземат за да се обезбеди поповолна деловна и социјална средина за жените претприемачи и да им ги олесни деловните активности, со што ќе се овозможи на поголем број жените да започнат бизниси и успешно да водат бизниси. Се работи за поголемо влијание на жените претприемачи во креирањето на регулаторна рамка релевантна за нивниот бизнис, како и делумно ослободување на жените од други животни улоги, со цел да се максимизира нивниот потенцијал како би можеле во поголема мера да се фокусираат на бизнисот. Исто така, потребно е да се создадат услови кои ќе го направат водењето на деловната и економската активност подостапно и поатрактивно за жените, користејќи ги и промовирајќи ги успесите постигнатина жените претприемачи во Општина Охрид.
Постигнувањето на оваа стратешка цел може да се следи преку следните индикатори:

- зголемување на учеството на жените во советодавните тела поврзани со економијата на локално, регионално и национално ниво;
- раст на бројот на регулаторни решенија (закони, подзаконски акти, стратегии, програми итн., кои се однесуваат на економијата, жените во општеството и семејството), во чиешто донесување се вклучени жени- претприемачи на организиран начин;
- раст на бројот на деловни субјекти основани и управувани од жени;
- раст на бројот на деловни субјекти во кои жените се на клучни раководни позиции.

Степенот на реализација на овие показатели ќе зависи од заемната реализација на серијата на координирани активности кои можат да се поделат на три тематски области: создавање стимулативна регулаторна рамка за женско претприемништво, индиректна поддршка преку олеснување на жените во извршување на други општествени улоги и промоција на успешни примери и практики на женско претприемништво.

## 2.1 ПРОГРАМА ЗА ЛОБИРАЊЕ ЗАРАДИ ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА РЕГУЛАТОРНАТА РАМКА ЗА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 2.1.1 Вклучување на женското претприемништво во стратешките документи и останатата регулаторна рамка, како и воведување на поволности за жените претприемачи

Проширување на досегашните мерки за поддршка на жените претприемачи, но и иницирање и дефинирање на нови посебни мерки за жените претприемачи во сите релевантни стратешки документи важни за економијата на национално ниво, но и во стратешките документи на ниво на единиците на локалната самоуправа. На овој начин би се овозможила поддршка за жените претприемачи хоризонтално преку значајни документи, но и вертикално со дефинирање на поддршка на државно и локално ниво. Женското претприемништво досега беше препознаено на национално ниво во стратешките документи за женско претпремништво, во стратешките документи за мали и средни претпријатија и за руралниот и земјоделскиот развој, во кој се предвидуваат одредени стимулации. На локално ниво, ова е прв стратешки документ за женско претприемништво во Општина Охрид. Поддршка на жените претприемачи е потребна и во други области, со што значително би им се олеснила работата и функционирањето во општеството, како и зајакнување на улогата на жената во сите сфери на животот.

### 2.1.2 Промоција и лобирање за поголема вклученост на жените претприемачи во подготовката на закоонките и подзаконски акти и други документи кои имаат влијание врз нивниот бизнис

Учеството на женските претприемачи е многу важно во јавно-приватните консултации за сите поважни документи, закони, стратегии и други документи, како и проекти кои се директно или индиректно поврзани со женското претприемништво на национално и локално ниво. За вакви консултации потребно е да се користат и други алатки како интернет алатки (веб-страници, портали, мејлови, платформи...), но и директни контакти и посети на претставници од институциите и организации одговорни за женско претприемништво, на деловни субјекти предводени од жени претприемачи, со цел да се процени состојбата на терен и да се утврдат потребите за промени кои се неопходни за полесен и подобар бизнис. Исто така, неопходно е да се запознаат жените претприемачи

со можностите за бизнис на жените претприемачи во животната средина за да бидат подобро информирани за придобивките, регулативата и стимулациите и тоа на начин на кој тие имаат можност соодветно да ги формулираат своите потреби и да побараат промени кои им се потребни.

### 2.1.3 Поттикнување на локалните власти за поголема вклученост на жените во локалниот деловен совет како и други советодавни тела кои се однесуваат на економијата.

Деловните совети и другите советодавни тела на локално и на национално ниво се многу важни. Улогата на овие совети е да ги разгледаат условите и начинот на водење бизнис во областите кои се под нивна надлежност и да им дадат препораки на властите кои ќе бидат корисни за да се подобри деловната средина, било да е тоа регулатива, стимулации на активности на институциите и организациииите, инвестиции или што било друго што ќе доведе до нивни раст и развој.

Имајќи предвид дека жените претприемачи имаат значително учество во економијата и дека по природа се чувствителни за полесно разбирање на проблемите, неопходно е да се вклучи барем една жена-претприемач во овие советодавни тела, а во случај на деловни совети во поголеми единици на локалната самоуправа, барем 40% од вкупниот број членови да се жени.

Во Општина Охрид од неодамна е формиран Советот за женско претприемништво. Истиот има потенцијал да влијае и да предизвика позитивни промени во оваа област.

## 2.2 ПРОГРАМА ЗА ИНДИРЕКТНА ПОДДРШКА НА ЖЕНСКОТО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 2.2.1 Да им се олесни на мајките претприемачи да водат бизнис, но и на вработените мајки

На претприемачите кои се сопруги и мајки, односно кои имаат семејни обврски покрај обврската да се грижат за својот бизнис, потребно е да им се овозможат одредени олеснувања како на пр. промовирање на можноста татковците да го користат правото на породилно отсуство бидејќи постои законска можност за тоа. Ова е особено важно во семејства со повеќе деца. На овој начин, семејството ќе може да ги користи сите права што ги има, а се поврзани со децата и породилното отсуство, а мајките ќе можат порано да се вратат на нивните работни обврски како претприемачи.

Исто така, треба да се разгледа користа од субвенционирање на приватните предучилишни установи за да можат да дадат придонес во насока на ослободување од дел од семејните обврски на жените претприемачи, но и на сите други вработени мајки кои имаат потреба од згрижување на нивните деца.

Неможноста од било која причина да се згрижат децата во предучилишна установа најчесто влијае на мајките да одлучат да бараат други решенија кои не се доволно квалитетни или безбедни за нивните деца, што пак ја отежнува нивната улога како работодавачи бидејќи не можат да ја имаат потребната концентрација и посветеност на бизнисот, а влијае и на носењето квалитетни деловни одлуки. Освен овие можности, потребно е да се анализираат и други добри практики кои на секоја вработена жена ќе и овозможат висококвалитетен и добро организиран приватен и деловниот живот.

## 2.3 ПРОГРАМА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 2.3.1 Подготвување и објавување успешни приказни на претприемачи и деловни жени во Општина Охрид

Успешните жени претприемачи многу често не се видливи, ниту препознатливи во јавноста, па дури ни во заедниците во кои живеат, иако можеби се познати нивните деловни субјекти. Исто така, има многу малку медиумски репортажи или емисии посветени на женско претприемништво. Медиумското претставување на успешните жени – претприемачи е важно за бизнисот на постоечките претприемачи, но и за мотивирање на жените да основаат нови деловни субјекти.

Успешните приказни треба да се промовираат во сите видови медиуми. Треба да се покријат повеќе економските сектори, да се прикажат жените во повеќе улоги и ситуации, со реалните предизвици и одговорностите што ги преземаат. Исто така, неопходно е да се дискутира и за проблемите во бизнисот.

Со снимање успешни приказни или пишување написи за жени претприемачи, не се промовира само женското претприемништво, туку се рушат одредени стереотипи и се создава позитивна слика дека другите жени можат да бидат успешни на секое поле. Ова е посебно важно за младата популација која допрва треба да се позиционира и да си го најде своето место во општеството и економијата. На овој начин, успешните жени претприемачи стануваат пример за младите, а истовремено се нагласува и нивната улога во општеството.

### 2.3.2 Организирање на медиумски атрактивни настани/собири фокусирани на женско претприемништво (конференции, тркалезни маси, форуми, саеми итн.)

Во минатото на територијата на Општина Охрид беа одржани голем број тркалезни маси, семинари и други манифестација на кои се промовираше женското претпремништво. Истите беа финансиски поддржани од различни проекти и донатори а реализирани од страна на Агенцијата за поддршка на претпријатијајата ЕСА Охрид.

И во рамките на Националната платформа за женско претприемништво беа одржани регионални конференции за женско претприемништво, со над 100 учесници претприемачи и претставници на институции и организации. На конференциите беа презентирани активностите на субјектите од оваа област и веа споделени искуствата на претприемачите, а се одржаа и B2B состаноци помеѓу учесниците на конференцијата. На крајот од конференциите се дефинираа заклучоците и препораките за понатамошен развој на женското претприемништво во Општина Охрид, Југозападен плански регион и Република Македонија. Ваквите настани го промовираат женско претприемништво, овозможуваат размена на искуства, поврзување на женските претприемачи и воспоставување деловна соработка. Имајќи го предвид горенаведеното, неопходно е во наредниот период да се продолжи со вакви активности, како тркалезни маси, семинари, работилници и други манифестации, т.е организирање на годишни конференции на жените претприемачи.

## СТРАТЕШКА ЦЕЛ 3: ДОПОЛНИТЕЛНА ПОДДРШКА НА ПОСЕБНИ ОБЛАСТИ ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

Некои области од женското претприемништво бараат дополнителна поддршка, пред се поради отежнатиот пристап до пазарот и помалку достапните дополнителни деловни услуги неопходни за развој на основната деловна дејност. Се работи, пред сѐ, за областа занаетчиството, односно домашните занаети и претприемништвото на село. Во двата случаи е тежок пристапот до пазарот, вклучувањето во синџири на вредност и достапност на дополнителна бизнис услуга. Во вториот случај се доведува во прашање достапноста на одредена потребна инфраструктура за бизнис, која често недостасува на село.
Напредокот во постигнувањето на оваа стратешка цел може да се следи преку следниве индикатори:

- раст на приходите на деловните субјекти и здруженијата на претприемачи од областа на занаетчиството;
- раст на приходите на деловните субјекти и здруженија на жени претприемачи во селата;
- раст на бројот на деловни субјекти (компании и претприемачи) кои се основаат и се иницирани од жени во областа на занаетчиството;
- раст на бројот на деловни субјекти (компании и претприемачи) кои се основаат и се иницирани од жените во руралните средини.

## 3.1.ПРОГРАМ ЗА ПОДДРШКА НА ЖЕНИ ПРЕТПРИЕМАЧИ ВО ЗАНАЕТЧИСТВО

### 3.1.1 Поддршка за зачувување на домашната изработка и негова употреба за зајакнување на жените, нивната стабилност и независност (образование, унапредување и сѐ други видови на поддршка)

Во Општина Охрид се забележува значителна активност во областа на домашните занаетчии, а особено активни се здруженијата на жени кои најчесто имаат хуманитарен карактер, но и комерцијална компонента, односно оние кои изработуваат предмети за продажба. Исто така, овие здруженијата обезбедуваат и обука за млади луѓе и други заинтересирани за зачувување и заштита на нашето културно наследство на овие простори. Многу важна е и активноста на жените кои преку својата работа создаваат средства за живот, но и ја чуваат традицијата и наследството на својот крај, со што заедно со здруженијата го чуваат нашето културно наследство за идните генерации.
Општина Охрид, има богато наследство каде секоја локална заедница има различни карактеристики на домашни занаети. Особено е важно да се заштити ова многубројно и разновидно наследство преку вклучување во списокот на нематеријалното наследство на Република Македонија. Заштитата и промоцијата на нашето наследство во оваа област, како и поврзаноста со гостопримството, туристичките и трговските субјекти, кои можат да се обединат заедно во туристичка и културната понуда на Охрид, Југозападен плански регион, но и на Република Македонија во целина. Поддршката е важна преку обезбедување на едукација, промоција, финансирање на алати и материјали, поддршка на здружување, изложби и други активности кои се неопходни за оваа дејност. Исто така, потребно е да се стимулираат субјектите за набавка на предмети од домашна изработка и на тој начин би им се овозможило на жените да имаат безбеден и континуиран пласман на нивните производи во текот на целата година.

### 3.1.2 Изложби на домашни занаети

Потребно е да се организираат изложби на домашни ракотворби на кои би биле претставени производи на здруженија на жени, поединци, етно-работилници, како и да се организираат и други настани со цел нивна промоција и поддршка.
Целта на овие изложби е поврзување на овие организации со туристичките организации и агенции, угостителски субјекти, производители на храна и пијалоци во насока на заокружување на туристичката понуда на нашиот регион. Покрај тоа, изложбите се исто така важни за граѓаните со цел запознавање со традициијата. Со продажба на нивните производи се олеснува работата на тие организации и треба да се разгледа можноста и да се поттикнат јавните институции и останатите компании да ги користат нивните производи за претставување и промоција на културното наследство на Општина Охрид при посетата на странски делегации и други гости. На овој начин се овозможува опстанок и зајакнување на организациите кои се занимаваат со оваа дејност и тоа индиректно допринесува за заштита на нашата култура и традиција. Освен овој тип на презентација, посебно внимание треба да се посвети на интернет презентациите и формирањето на веб портали и портали за продажба на производи од оваа област, со што ќе се придонесе кон нивно економско зајакнување.

## 3.2 ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ НА РУРАЛНО ЖЕНСКО ПРЕТПРИЕМНИШТВО

### 3.2.1 Преглед на законски ограничувања за женското претприемништво во руралните средини и залагање за нивно отстранување и надминување

Улогата на жената во областа на земјоделството е посебна, но и значајна, имајќи ја предвид традицијата и положбата на жената на овие простори уште од античко време. Во овој поглед, неопходно е да се спроведе анализа на законската регулатива од областа на земјоделството, но и на другата законска регулатива која индиректно се однесува на улогата на жените во бизнисот како што се имотот, финансиите, сите аспекти н а олеснување итн. Согласно наведеното, потребно е да се иницираат измени на прописите со цел да им олесни на жените да работат во земјоделскиот сектор и во руралните средини. Исто така, неопходно е да се предвиди подготовка и организација на обуки за жени претприемачи во секторот на земјоделството. На жените претприемачи во земјоделскиот сектор им е потребна општа обука неопходна за бизнис, но и професионална целна обука за оваа област како обука за градинарско производство, млечно производство, овоштарство и други видови земјоделство.
Ваквите обуки треба да се планираат од постоечки буџетски средства, но и од средства од меѓународни проекти. Она што е особено важно за жените кои сакаат да започнат бизнис, е да им се обезбеди пристап до сета достапна поддршка преку обука и финансиски стимулации. Посебно внимание треба да се посвети на интернет презентациите на жените претприемачи и нивните производи имајќи предвид дека со тоа значајно се придонесува за зајакнување на бизнисот и проширување на пазарот. Затоа, процесот на дигитална трансформација е особено важен.

### 3.2.3 Поддршка за деловно здружување

Во Општина Охрид не се формирани женски задруги кои се поддржани од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство. Задругите имаат право на мерки за поддршка за финансирање на деловни активности, за набавка на основни средства.
Бидејќи овој тип на здружување и работа на жените на село се покажа како добар начин за зајакнување на жените во Европски рамки тоа треба да се промовира и на територијата на Општина Охрид онаму каде што се исполнети условите за тоа. Неопходно е ваквите типови

на здруженија на жени да имаат континуирана финансиска поддршка од буџетот на општината, да се поддржат со средства од национални и меѓународни извори на финансирање, како и да им се обезбеди континуирана едукација и промоција. Претставувањето на задругите како добра практика е особено важно. Освен задругите, за зајакнување на улогата на жената секако придонесуваат сите видови здружување на жените на село и нивното зајакнување во општеството.

## VII. ПРИЛОГ 1 – АКЦИОНЕН ПЛАН

## VIII. РИЗИЦИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Главните ризици во реализацијата на стратешките препораки за зајакнување на женското претприемништво во Општина Охрид се поврзани со системот на вредности, но и со недостатокот на капацитети за соработка:

- Општественото непрепознавање дека претприемачки активните жени се важни генератори за ново вработување и нови вредности, и дека вклученоста на жените во претприемачката активност е дел од човековите права на жените;
- Недоволна соработка помеѓу различните чинители (локалната самоуправа, бизнис сектор, академска заедница и граѓански сектор) за промовирање на женското претприемништво како човеково право и важен ресурс за економски развој, како и изградба на културолошки и институционални претпоставки за родова избалансираност и во областа на економскиот живот.
- Недоволната поврзаност помеѓу носителите на различните активности за развој на претприемачките капацитети на локално ниво: помеѓу самите сектори, помеѓу Советот за женско претприемништво и секторите помеѓу државните институции/министерства и локалната власт.

## IX. МЕХАНИЗМИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата ќе ја координира Општина Охрид преку Секторот за туризам и локален економски развој на Општина Охрид како носител на оваа стратегија. Секторот за туризам и локален економски развој на Општина Охрид како носител на оваа стратегија има примарна одговорност за креирањето и надзорот врз политиките за развој и поддршка на микро, мали и средни претпријатија и развој на претприемништвото. Оттука и надлежноста за поддршката и развојот на женското претприемништво како важен, но недоволно искористен потенцијал.

Меѓутоа и останатите сектори како Секторот за финасиски прашања и Секторот за образование, детска, социјална и здраствена заштита се вклучени во креирањето на мерки/програми за поддршка на развојот на женско претприемништво.

Советот за женско претприемништво при Општина Охрид ќе го даде својот придонес за реализација на стратегијата.

Покрај локалната самоуправа во реализацијата на оваа стратегија активно ќе биде вклучен и невладиниот сектор односно Фондацијата за поддршка на претпријатија ЕСА Охрид која активно делува веќе дваесет и четири (24) години на јакнење на претприемништво вклучително и на женското претприемништво.

Затоа, за спроведување на мерките и активностите на оваа стратегија ќе се воспостави меѓуресорска работна група за утврдување на меѓуресорските политики за реализација на Стратегијата за развој на женското претприемништво во Општина Охрид 2024 – 2029.

## X. СЛЕДЕЊЕ И ОТЦЕНУВАЊЕ

Спроведување на активностите на Стратегијата и следењето на остварување на целите ќе биде реализирано од страна на инволвираните институции и организации одредени во Акцискиот план на стратегијата.

Секторот за туризам и локален економски развој при Локалната самоуправа на Општина Охрид е одговорен за севкупното спроведување на Стратегијата, во согласност со приложениот Акциски план.

Спроведувањето на стратегијата и акцискиот план ќе бидат следени со мерки за следење врз основа на полугодишни и годишни извештаи, кои ќе обезбедат информации за активностите кои се почнати, оние кои се во тек или се завршени, текот на работите, финансиите и извори на финансии, како и добиените и очекуваните разултати од активностите.

.